Association for
Democratic
Initiatives

Bul. B. Ginoski, 61 / 3
1230, Gostivar,Macedonia
Tel. : +389 42 22 11 00
E-mail : adi@adi.org.mk
Web : www.adi.org.mk

***Во Гостивар, 04.11.2025***

**ПОВИК ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ УСЛУГА –** ангажирање на експерти за изработка на кратки документи за политики (полиси брифови) за потребите на проектот „Демократија водена од податоци: Следење на политичките партии за потранспарентна иднина“

## 1. ЦЕЛ НА ПОВИКОТ И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Здружението Асоцијација за демократски иницијативи (АДИ) го спроведува проектот „Демократија водена од податоци: Следење на политичките партии за потранспарентна иднина“, чија цел е да го унапреди политичкиот интегритет и транспарентност на политичките партии во Северна Македонија. Проектот е финансиран од Европската Унија во рамките на проектот ,,Следење на интегритетот во Западен Балкан и Турција: граѓански организации во борбата против корупцијата со податоци за политичкиот интегритет” имплементиран од Транспаренси Интернешнл-Македонија во партнерство со ограноците на Transparency International во регионот.

За потребите на проектот АДИ објавува повик за: ангажирање на експерти за изработка на кратки документи за политики (полиси брифови).

Со повикот се дефинира доменот на работата, задачите, планираниот обем и рок на активностите, како и критериумите врз чија основа ќе се изберат експертите.

## 2. ДОМЕН НА РАБОТА

2.1. Цел на задачата:

Во контекст на ограничена транспарентност на политичките партии, недостапност на информации за нивното финансирање и недостаток на внатрепартиска отчетност, потребна е систематска анализа на јавните податоци. Изработката на три полиси брифови ќе обезбеди длабинско разбирање на слабостите во партиската транспарентност и ќе понуди препораки за политики насочени кон зголемување на јавната доверба и отчетност.

Избраните експерт/и* ќе треба да подготват аналитички полиси брифови кои ќе ја оценат транспарентноста и интегритетот на политичките партии во следните три теми/области:

1. **Транспарентност во политичкото финансирање:**

- Анализирање на формите на финансирање на политичките партии и степенот на нивна усогласеност со законската рамка. Овој документ накратко треба да ги опфати:

- достапноста на податоците за донатори, членарини, изборни трошоци и спонзорства;



TRANSPARENCY INTERNATIONAL MACEDONIA

Funded by the European Union

Bul. B. Ginoski, 61 / 3
1230, Gostivar,Macedonia
Tel. : +389 42 22 11 00
E-mail : adi@adi.org.mk
Web : www.adi.org.mk

- степенот на усогласеност со Законот за финансирање на политички партии и препораките на ГРЕКО и ОБСЕ;
- практични примери на добри и лоши модели на финансиска транспарентност.

Брифот треба да содржи препораки за унапредување на системите за објавување финансиски податоци, вклучувајќи предлози за стандардизирани формати и проактивно известување кон јавноста.

**2. Внатрепартиско управување и избор на кандидати и нивното влијание врз законодавниот процес:**

- Анализирање на внатрешните демократски процеси во политичките партии и нивната врска со начинот на кој се носат закони во државата. Овој документ накратко треба да ги анализира:

- процедурите за избор на раководни органи и кандидати за пратеници;
- степенот на застапеност на жените, младите и етничките заедници во процесот на селекција;
- степенот на автономија на избраните пратеници во однос на партиското раководство;
- последиците од затворените партиски структури врз квалитетот на законодавството и јавниот интерес.

Преку споредба со европски демократски стандарди, брифот треба да ги истакне начините на кои внатрепартиската недемократичност може да влијае врз квалитетот и инклузивноста на јавните политики и ќе предложи механизми за подобрување на внатрепартиската отчетност**.**

**3. Врски помеѓу нетранспарентноста на партиите и фаворизирањето во јавните набавки:**

- Анализирање како недостатокот на транспарентност во финансирањето и управувањето со партиите може да води кон клиентелизам, непотизам и ризици од корупција во јавните набавки. Овој документ накратко треба да ги идентификува потенцијалните врски меѓу:

- компании поврзани со партиски структури и добивањето државни договори,
- нетранспарентните партиски донатори и јавните институции,
- механизмите за контрола од страна на државните надзорни тела (Државна комисија за спречување корупција, Државен завод за ревизија, ДИК).

Брифот треба да понуди препораки за унапредување на системите на јавна отчетност, вклучувајќи можност за воспоставување доброволни стандарди на транспарентност кај политичките субјекти.

[*]**Забелешка:** Еден ист кандидат може да аплицира за **една, две или вкупно трите наведени теми**, доколку поседува соодветна експертиза за нив. Во пријавата потребно е **јасно да се наведе за која/кои од трите теми кандидатот аплицира**, со назнака на редниот број и насловот на темата.



TRANSPARENCY INTERNATIONAL MACEDONIA

Funded by the European Union

Bul. B. Ginoski, 61 / 3
1230, Gostivar,Macedonia
Tel. : +389 42 22 11 00
E-mail : adi@adi.org.mk
Web : www.adi.org.mk

Избраните експерти треба да имаат предвид дека секој бриф треба да биде подготвен во обем од 7–10 страници максимум и треба да ја содржи следната структура:

- Вовед и контекст на темата;
- Методологија и опфат на истражувањето;
- Анализа на податоците и главни наоди;
- Примери на добри и лоши практики;
- Заклучоци и препораки за политики;
- Кратко резиме (1 страница) за јавна презентација.

Согласно ова, експертите треба да ги реализираат следните активности со цел подготовка на трите полиси брифови:

- Преглед и анализа на релевантни законски акти и политики поврзани со политички интегритет;
- Систематско следење и анализа на веб-страниците и социјалните мрежи на најмалку 10 политички партии, вклучувајќи партии од заедниците;
- Споредба со европски стандарди и најдобри практики во областа на транспарентност и партиско финансирање;
- Подготовка на аналитички наоди и идентификација на слабости и добри примери;
- Развивање на препораки за политики за унапредување на транспарентноста и отчетноста на политичките партии.

## 4. ВРЕМЕНСКА РАМКА

Ангажманот за изработка на полиси брифовите е еден месец од потпишување на договорот.

## 5. УСЛОВИ И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Вкупните планирани финансиски средства за ангажирање на експерти за изработка на полиси брифовите е 1.800 ЕУР во денарска противвредност, односно 600 ЕУР во денарска противвредност како поединечен надоместок.

Плаќањето ќе биде извршено по реализација на планираните активности, односно по изработка на документите за јавна политика, т.е. полиси брифовите.

Трошоците паѓаат на сметка на проектот „Демократија водена од податоци: Следење на политичките партии за потранспарентна иднина“.

## 6. КРИТЕРИУМИ

Изборот на експертите ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и на финансиската понуда.



TRANSPARENCY INTERNATIONAL MACEDONIA
Funded by the European Union

Association for Democratic Initiatives

Bul. B. Ginoski, 61 / 3
1230, Gostivar,Macedonia
Tel. : +389 42 22 11 00
E-mail : adi@adi.org.mk
Web : www.adi.org.mk

Квалификации, професионално искуство и вештини:

- Завршено високо образование во областа на општествени науки (политички науки, право, јавна администрација, економија или сродна област);
- Најмалку 5 години релевантно искуство во истражување, анализа на јавни политики или антикорупциски иницијативи (прецизно и детално објаснето и наведено во кратката биографија CV);
- Солидно познавање на законодавството поврзано со политички партии и финансирање, познавање од областа на антикорупцијата и владеење на правото;
- Одлични комуникациски и организациски вештини.

Кандидатите треба да поседуваат силни аналитички, истражувачки и комуникациски вештини, како и способност да преточат податоци и наоди во јасни, концизни и применливи препораки за носителите на одлуки. Се бара умешност за јасно структурирање на аргументи, критичко размислување, како и вклучување на различни перспективи (жени, млади, заедници) во процесот на анализа.

## 7. ЕЛЕМЕНТИ НА ПОНУДАТА

Понудата треба да ги содржи следните елементи:

- Кратка биографија (претставена на некој од општо прифатените обрасци);
- Пријава за подготовка на полиси бриф (Прилог 1);
- Финансиска понуда (Прилог 2).

## 7. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

Понудата се доставува по електронски пат или до архивата на АДИ на бул. Браќа Ѓиноски 61, Гостивар. Доколку понудата се доставува по електронски пат, истата треба да се испрати на следната е-пошта: adi@adi.org.mk назнака наведете го: ,,Повик Реф. Бр. 0507-328"

Краен рок на доставување на понудите е до **12.11.2025 година до 15:00 часот.**

Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според условите на повикот, нема да бидат земени предвид.



TRANSPARENCY INTERNATIONAL MACEDONIA

Funded by the European Union